**ИЗВЕШТАЈ**

**За работењето на Одборот на директори на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје во 2016 година**

## ВОВЕД

ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје е акционерско друштво со едностепен систем на управување-Одбор на директори, кој своите права и овластувања ги има и остварува согласно Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото.

Согласно обврските кои произлегуваат од Законот за трговските друштва и Статутот на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, Одборот на директори, како орган на управување на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, го поднесува овој Извештај до Собранието на акционери со цел да го запознае со најбитните активности, кои како орган на управување ги има преземено во изминатата 2016 година и кои битно влијаеа на реализација на проектираната деловна политика на Друштвото и остварувањето на финансиските резултати. Во Извештајот се презентирани и најзначајните активности на неизвршните членови на Одборот на директори за начинот на вршење на контролната функција врз управувањето и водењето на друштвото.

Одборот на директори на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД, во состав: Драган Наков-Претседател на Одборот на директори, неизвршен независен член, Митко Димов-Генерален извршен директор-извршен член, и Тодор Сејзов-неизвршен член, во извештајната 2016 година одржа 12 состаноци, на кои расправаше и одлучуваше за прашања, што согласно Законот и Статутот на друштвото беа во негов делокруг на одлучување. Одборот на директори, согласно надлежностите беше активно вклучен во тековното работење на друштвото, како и во креирањето на деловната политика, со исклучок на овластувањата кои му се дадени на Собранието на друштвото и на Генералниот извршен директор.

Економските услови во изминатата 2016 година, во кои Друштвото ги реализираше своите проектирани активности, беа идентични како и изминатите години, односно немаше позначително подобрување на економските услови со кои би се создала поповолна и посигурна бизнис клима, во насока на унапредување на стопанството во Република Македонија.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

Во 2016 година, главните приходи во друштвото се остваруваа од издавање на сопствениот недвижен имот под закуп.

Како трговски застапник на оне.Вип, ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје и во изминатата година се бавеше и со дополнителна дејност, и вршеше продажба на производи и услуги кои ги нуди оне.Вип на назарот на електронски комуникации.

Во текот на 2016 година Одборот на директори, преку реализирани вкупно 12 состаноци, во континуитет го следеше работењето на друштвото, и носеше одлуки во рамки на овластувањата согласно закон и Статут. На состаноците постојано се вршеше анализа на економските показатели и фактори,беа разгледувани финансиските резултатите од работење на Друштвото, и тоа не само во одделни периоди, согласно законот, туку се следеа и анализираа финансиските резултати, билансот на состојба и успех, и рентабилноста на друштвото и на месечно ниво. Во таа насока преземени се активности за сведување на трошоците на најмала можна мера.

На состаноците на Одборот на директори, беа разгледувани тримесечни, полугодишни и годишни извештаи со анализи и финансиски резултати доставени од Генералниот извршен директор. По истите е дискутирано и донесени се одредени заклучоци и насоки за понатамошен развој на друштвото, а донесени се и Одлуки за одобрување на истите.

На состаноците беше разгледан Годишниот извештај за работењето со завршната сметка за 2015 година, извештај од централна пописна комисија за извршен попис, и извештајот од овластениот ревизор, ревизорската куќа Б и Љ за деловната 2015 година.

На состаноците беа разгледувани и разни информации, а донесени се низа одлуки од надлежноста на Одборот, согласно законот и Статутот, а меѓу кои: Одлука за пописни комисии и извршен попис, благајнички максимум, Одлука за свикување Годишно акционерско собрание, Одлука за продажба на основни средства, Одлуки за продажба на недвижен имот, Одлуки за издавање деловни простории под закупи, Одлука за задолжување, заложување на недвижен и подвижен имот во сопственост на Друштвото, Одлука за воспоставување на заложно право, Одлука за исплата на регрес и др, а донесен е и Годишен план за работа на службата за внатрешна ревизија.

Сите одлуки и активности кои ги преземаше Одборот беа со цел за зголемување на приходите и намалување и редуцитање на трошоците, и обезбедување на економично, продуктивно и рентабилно работење, Имајќи ја во предвид севкупната состојба на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА А Д Скопје согледана од разни аспекти и показатели, гледана во целина, годинава заврши со позитивен финансиски резултат, и не може да се занемари фактот дека менаџерскиот тим, во текот на целата година во сите сегменти од своето работење, се залагаше да се обезбедат средства за

тековно работење од постоечките ресурси, да се создадат услови за нормално работење на друштвото. Према билансите на успех има подобрување на сите финансиски параметри, и остварените финансиски резултати се остварени со целосно ангажирање на членовите на Одборот на директори, како и на вработените во Друштвото. Во текот на цела година друштвото беше ликвидно, и навреме се исплаќаа сите обврски не само према државата туку и према добавувачите.Во текот на работењето, секогаш до крај се почитувани законските обврски, и одлуките се во рамките на позитивните прописи и во согласност со одредбите од Статутот и другите интерни акти на друштвото. И покрај сите тешкотии во работењето, сепак друштвото во работењето остана корпоративно одговорна компанија, која во своето работење почитуваше одредени принципи и правила во работењето.

Финансиските резултати од работењето и ангажманот на Одборот на директори се содржани во Годишниот извештај за работењето на Друштвото во 2016 година.

Членовите на Одборот на директори својата функција во Органот на Управување ќе ја извршуваат и по 06.04.2017 година кога истекува мандатот на Извршниот член Митко Димов, Неизвршниот независен член Драган Наков, и Тодор Сејзов Неизвршен член, до избор на нови членови на Одборот на директори на седница на Годишното акционерско Собрание на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2016 година.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**

**Претседател**

**Драган Наков**

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕИЗВРШНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД КОНТРОЛАТА НАД УПРАВУВАЊЕТО СО ДРУШТВОТО

Согласно член 480 став 3 од Законот за трговските друштва неизвршните членови на Одборот на директори, во рамките на своите надлежности, континуирано го следеа финансиското работење на Друштвото, и делуваа во согласност со својот систем за внатрешна контрола. Контролата ја вршеа во текот на целата година во насока на остварување на интересите на Друштвото и перманентна заштита на правата и интересите на акционерите во Друштвото, преку:

- Постојана и целосна контрола на работењето на друштвото и негово менаџирање, во поглед на усогласеноста со позитивната законска регулатива,

- Увид и оценка на точноста и веродостојноста на трговските книги и финансиските извештаи, следење на почитувањето на прописите, политиките и процедурите на друштвото,

- Континуирано следење на показателите за деловните резултати и постигнувања во друштвото, во насока на зголемување на приходите и намалување на трошоците од работењето на друштвото, а се со цел да се обезбеди поекономично и финансиски поисплатливо работење и управување со друштвото, и остварување на што е можно подобри резултати.

- Соработка со Внатрешниот ревизор на друштвото. Во текот на 2016 година неизвршните членови на Одборот на директори го разгледа Полугодишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија на Друштвото како независна организациска единица на Друштвото. Исто така беа разгледувани и извештаите од посебните ревизии во кои беа презентирани активностите на Службата извршени во периодот Јануари-Декември 2016 година. Неизвршните членови на Одборот на директори го усвоија, и дадоа оцена дека Полугодишниот извештај е квалитетно и содржински изработен, согласно законските одредби.

- Неизвршните членови на одборот на директори го разгледаа и одобрија Годишниот план за работа на Службата за внатрешна ревизија за 2017 година. Во истиот се наведени предметот на ревизија со опис на содржината на планираната ревизија по одделни области и распоред на контролите во текот на 2017 година, со планирано времетраење за спроведување на контролите.

-Неизвршните членови на Одборот на директори ја испитуваа објективноста на Финансиските извештаи за годината која измина и утврдија дека тие објективно ја презентираат финансиската состојба на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје. Тоа се гледа и во извештајот на независниот Ревизор, каде е наведено дека финансиските извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА А Д Скопје заклучно со 31 Декември 2016 година како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината што заврши тогаш во согласност со Меѓународните стандарди прифатени во Република Македонија.

Врз основа на изнесеното предлагаме Собранието на акционери:

1. Да ја одобри годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работа на Друштвото за деловната 2016 година.

2. .Да го одобри работењето на Одборот на директори за 2016 година.

**Скопје Април 2017** **Неизвршни членови на Одборот на директори**

**Драган Наков** ________

**Тодор Сејзов** ________